Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

# И ВО 2016 ГОДИНА, КАКО И ВО ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ, ИНСТИТУЦИИТЕ ДАВААТ ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ПО ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА ЗА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, НАМЕСТО ТИЕ САМОИНИЦИЈАТИВНО ДА Ѝ ГИ СТАВАТ НА РАСПОЛАГАЊЕ НА ЈАВНОСТА!

**Четири јавни институции, од вкупно седум што беа предмет на компаративната анализа[1], немаат проблем да дадат одговор по поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер и затоа се класифицирани како реактивно транспарентни институции** (Институт за јавно здравје, Центар за јавно здравје Скопје, Центар за јавно здравје Кочани и Здравствен дом Скопје). **Три од нив дале одговор на дел од прашањата и затоа се во групата на делумно транспарентни** (Министерство за финансии, Министерство за здравство и Министерство за труд и социјална политика).

**Кај шест од седум институции отсуствува самоиницијативност во објавување на информации од јавен карактер. Затоа на листата на проактивно нетранспарентни се вбројуваат следните институции:** Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, Институт за јавно здравје на РМ, Центар за јавно здравје Скопје, Центар за јавно здравје Кочани и Здравствен дом Скопје. **Министерството за финансии пак, на својата веб-страница споделува само дел од мониторираните податоци и затоа е во категоријата на институции што се делумно проактивно транспарентни.**

**Министерството за финансии е единствената институција[2] којашто и на својата веб-страница и во постапката за слободен пристап до информации, објавува само дел од податоците за своето работење. Со ваквиот однос на споделување информации од јавен карактер, оваа институција во голема мера ги изедначува реактивната и проактивната транспарентност (види табела 1).**

**Министерството за здравство има далеку понетранспарентен пристап во случај кога информациите треба самоиницијативно да ѝ ги стави на располагање на јавноста, во однос на тоа кога информациите се бараат по официјален пат.**

## Резултатите од компаративната анализа можеме да ги преточиме во неколку заклучоци:

- Институциите имаат ниско ниво на свесност во однос на проактивната транспарентност, за што всушност покажува и фактот дека институциите во 2016 година објавуваат само 15 % од вкупниот број мониторирани документи [3], што претставува пад од 5 % во однос на 2015 година [4].
- Веб-страниците на јавните институции, како еден од главните извори на информации за јавноста за нивното работење, се ,,сиромашни“ со информации од јавен карактер за нивното програмско и буџетско работење.
- Институциите и понатаму делумно го почитуваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
- Институциите споделуваат повеќе информации кога се ,,повикани“ да одговорат, во споредба со бројот на информации што самоиницијативно ги објавуваат.

## ЛЕГЕНДА

**ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ:**




[1] Компаративната анализа е базирана на споредба на институциите што се предмет на мониторинг и на двете претходни анализи, за проактивна и за реактивна транспарентност.

[2] Од вкупно седум институции што се предмет на компаративна анализа.

[3] Мониторирани се вкупно 16 програмски и буџетски документи.

[4] Во 2015 година биле објавени 20 % од вкупниот број мониторирани документи.

## ЛЕГЕНДА
### ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ:




## СУМАРНА ОЦЕНКА
### на степенот на ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ по институција

| Име на институција | Оценка на нивото на реактивна транспарентност | Оценка на нивото на проактивна транспарентност |
|---|---|---|
| Министерство за финансии | ★ (жолта) | ★ (жолта) |
| Министерство за здравство | ★ (жолта) | ★ (црвена) |
| Министерство за труд и социјална политика | ★ (жолта) | ★ (црвена) |
| Институт за јавно здравје на РМ | ★ (зелена) | ★ (црвена) |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ (зелена) | ★ (црвена) |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ (зелена) | ★ (црвена) |
| Здравствен дом Скопје | ★ (зелена) | ★ (црвена) |

Финансиски поддржано од: FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА